**Нов текст**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

# Информација со Акциски план за проектот „Подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и на лицата со инвалидност”

**Скопје, 2018 година**

**Вовед**

Република Македонија во областа на социјалната грижа за здравјето на граѓаните ја има обврската да ја воспостави и грижата за децата со попреченост како и воопшто на лицата со инвалидност.

Правото на здравје и здравствената заштита претставува глобално човеково право и истото претставува универзална вредност во заштитата на човековите права. Во таа смисла, секој граѓанин има право да ја остварува здравствената заштита со почитување на највисокиот можен стандард на човековите права и вредности, односно има право на физички и психички интегритет и на безбедност на неговата личност, како и на почитување на неговите морални, културни, религиозни и филозофски убедувања.

Информацијата е изготвена согласно утврдените обврски од одржаната седница на Владата на Република Македонија од 25.04.2017 година а кои произлегуваат од конкретните барања на родителите на децата со попреченост во однос на унапредување на нивната социјална вклученост а во случајот во однос на подобрување на нивната здравствена заштита. Министерството за здравство ја разгледа можноста за реализација на издвоени барања кои се од надлежност на министерството и истите ги систематизира како активности но, сепак дел од барањата кои се наведени како конкретни обврски за Министерството за здравство постои реална надлежност на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ).

**Правни акти во заштита на права на децата со попреченост и на лицата со инвалидност**

Правните акти од областа на здравството пропишуваат дека овие права се остваруваат под еднакви услови со останатите граѓани и истите права претставуваат загарантирана уставна вредност. Ова значи дека при обезбедувањето со здравствена заштита корисниците не смеат да бидат дискриминирани како во однос на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба, така и во однос на нивната ментална и телесна попреченост.

Во функција на општествениот интерес, како правна поддршка за успешна здравствена политика, Република Македонија ги има донесено и со успех ги применува Закон за здравствена заштита и Закон за здравствено осигурување како и сетот од закони во кои на непосреден или посреден начин се обезбедуваат и правата на лицата со инвалидност (Закон за права на пациенти, Закон за ментално здравје и Закон за евиденција од областа на здравството).

Со истите законски одредби се регулираат поединечните аспекти од правото на здравје, односно правото на секој граѓанин на квалитетна и континуирана здравствена заштита, соодветна на поединечните потреби на пациентот, со отсуство на било каква психичка и физичка злоупотреба, со целосно почитување на достоинството на личноста и во најдобар интерес на пациентот.

Покрај општите права, за лицата со инвалидност им се обезбедува да ги уживаат и сите права утврдени со одредбите од областа на здравственото осигурување што како обврска ја спроведува ФЗОМ, притоа во никој случај да не се дискриминирани во остварување на овие права, како при превенцијата, раната дијагностика и медицинската рехабилитација, така и во остварување на правото на користење на инвалидските односно ортопедските помагала.

Република Македонија прифаќајќи да спроведува активна политика за унапредување на човековите права има ратификувано повеќе клучни меѓународни документи со што ги има прифатено современите стандарди во оваа област со обврска за нивна имплементација во националното законодавство, посебно во однос на заштитата на децата со попреченост или воопшто на лицата со инвалидност.

Согласно наведеното, за Република Македонија произлегуваат и обврски од 22.12.2011 година од кога по ратификувањето стапи во сила Конвенцијата за правата за лицата со инвалидност (донесена на 13.12.2006 година), која како програмски документ ги исцртува политиките во општи рамки и предвидува групи на посебни мерки за кои државите се согласни дека ќе ги спроведуваат за да се обезбеди подобра положбата на лицата со инвалидност а особено кон децата со попреченост.

Преку предизвикување на определени законски решенија и политики Конвенцијата ги заштитува правата на лицата со инвалидност во одредени состојби во кои преовладува општо мислење дека постои одредено занемарување на правата и потребите на оваа група на граѓани. Покрај тоа, преку стремежот за почитување на одредбите од Конвенцијата, таа овозможува промената во гледањето на инвалидноста како на прашање на права и правда на оваа група на граѓани.

Со цел за соодветна имплеметацијата на одредбите од Конвенцијата, веќе подолго време се спроведува и Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010-2018 во која значајно место завзема делот кој се однесува на превземањето на обврските од мерките на правата во врска со здравјето на лицата со инвалидност во кој спаѓаат и децата со попреченост.

Покрај оваа конвенција, значајна во овој аспект е и Конвенција за правата на детето од која соодветно произлегуваат и поконкретни обврски во однос на спроведувањето на здравствената заштита на децата.

Конвенцијата предвидува поконкретни обврски на државата во однос на децата и младите кои треба да имаат право на најголем можен степен на здравје, здравствена заштита и медицинска нега а особено на децата со било каков вид на пречки во развојот треба да им се обезбеди посебна грижа и подршка за да можат да водат независен живот.

**Состојба**

**Посебни владини програми, стручни обврзувачки упатства и активности**

Врз основа на дефинираните приоритети идентикувани преку редовен мониторинг на здравствената состојба на децата со попреченост и на лицата со инвалидност, Министерството за здравство секоја година донесува и се грижи за спроведување на активностите од:

"Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија" која обезбедува обавување на рана детекција на заболувањата кај новороденчињата, доенчињата и малите деца и тоа за: пренателен скрининг за малформации на кардиоваскуларниот систем за рана детекција на конгенитални срцеви болести во неонатологијата, тиреоидниот скрининг кај сите новородени деца, детектирање на метаболни болести како селективен скрининг по индикација кај деца кои амбулантски и хоспитално се третираат на Клиника за детски болести, скринингот за рано откривање на оштетување на видот кај новороденчињата како и неонаталниот скрининг за слух кај новороденчињата кои се под здравствен ризик.

„Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија" која има за цел да го зачува и унапреди здравјето на населениeто, да овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје. Меѓудругото, преку средствата од програмата, Јавната здравствена установа „Институт за физикална медицина и рехабилитација" Скопје го реализира „Проектот за промоција на физичка активност и развивање на спортски вештини во пливање кај децата со Даунов синдром".

Покрај тоа, со донесувањето и примената на упатствата за практикување на медицина заснована на докази се обезбедува спроведување на сет од мерки од областа на гинекологијата и акушерството за антенатална грижа на жената за здрава бременост, како што се: заштитата на здравјето на бремената жена и правилен развој на плодот преку информации и совети во врска со бременоста, породувањето и негата на новороденото дете, идентификување на ризиците по здравјето на жените и плодот и навремено превземање на мерки и интервенции кога е тоа потребно, како и обезбедување на грижа за различни болести и соодветна едукација на бремената жена, семејството и заедницата.

**Посебна организирана здравствена заштита за децата со развојни проблеми.**

Центрите за примарна здравствена заштита обезбедуваат основни интервенции на примарна здравствена заштита. На секундарно ниво на здравствена заштита за успешно реализирање на здравствената заштита за децата со развојни проблеми и посебни образовни потреби, работат одделенија за развојна педијатрија и две специјализирани установи за ментално здравје (во Скопје и во Битола) за рана детекција, дијагностика, третман и следење на функционалниот раст и развој на ризично родени деца. Центрите за терцијална здравствена заштита се концентрирани во поголемите градови на Република Македонија.

Како специјализирана јавна здравствена установа од посебен вид чија основна дејност е рехабилитација на лица со оштетен слух, говор и глас се „Институтот за слух, говор и глас" во Скопје и во Битола. Во истите систематски се следат и проучуват состојбите во областа на патологијата на растројствата, се испитуваат методите и се применуваат мерки за рано откривање на заболувањата, лекување и рехабилитација на лица со растројства во вербалната комуникација.

Во нив се предлагаат и се спроведуваат мерки за унапредување на здравствена заштита во областа на превентива, дијагностика и во рехабилитација на лица со растројства во вербалната комуникација, се укажува стручно методолошка помош и истите учествуваат во изградба и спроведување на стручно медицинските доктринарни ставови и спроведуваат стручно усовршување на здравствените работници и соработници;

Со цел за формирање на национален центар за дијагностика и третман на аутизмот, Министерството за здравство започна активности преку организирање на повеќекратни мултисекторски активности за припрема на капацитетите за лиценцирани извршители, спроведена е едукација и обука, набавка на опрема за примена на нови методи за лекување (ADOS за дијагностика и ABA за третман) како и за спроведување на Програмата за рана интервенција. За успешна соработка на центарот беше остварена соработка со реномирани центри во Соединетите американски држави и Европската унија. После повеќекратните мултисекторски активности, Министерството за труд и социјална политика ја превзеде организација и координација на проектот за отворање на „Дневен центар за деца со аутизам".

Министерството за здравство заедно со претставниците на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука под покровителство на претставништвото на детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ) во Република Македонија обавуваат меѓусебни консултации со цел да се помогне да се воспостави нов пристап за тоа како правата на децата со попреченост да станат реалност за нив самите. Во таа

смисла големи се очекувањата од реализацијата на интер-секторскиот проект за изготвувањето на новиот „Правилник за категоризација на децата со посебни потреби“.

**Подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и на лицата со инвалидност**

Може да се заклучи дека во Република Македонија релативно е добро организирана областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на лицата со инвалидност но, секако притоа остануваат низа недоречености и можности за унапредување на правата на децата со попреченост и на лицата со инвалидност за чие остварување се неопходни заеднички напори како на владиниот така и на невладиниот сектор.

За остварување на целосната еднаквост на лицата со инвалидност со другите во општеството не е доволно да се донесат закони кои ќе ги рушат бариерите кои постојат, туку е потребно да се воспостави систем на поддршка на лицата со инвалидност за надминување на овие бариери, било да се тие од физичка природа, било да се тоа одредени предрасуди, стереотипи или недоречености.

Она што треба да биде постојана обврска на Министерството за здравство е да даваме континуирана активна подршка за понатамошно продлабочување и приближување на овие права на лицата со инвалидност, притоа да ја јакнеме меѓуресорската соработка, соработката со сите специјализирани организации кои се занимаваат со ова прашање, и најповеќе да ги јакнеме сопствените капацитети за справување со оваа обврска.

Во таа смисла, доставените предлози на родителите со попреченост за унапредување на нивната социјална вклученост и подобра и поквалитетна покриеност со здравствена заштита се преточени во издвоени активности кои Министерството за здравство може да ги спроведува и следи преточено во предвидениот Акциски план.

Во спроведените активности во периодот од јуни месец 2017 година, Министерството за здравство се повеќе ги продлабочува активностите за јакнење на правата на децата со попреченост и на лицата со инвалидност од областа на здравствената заштита со изразена јасна намера за активна меѓуресорска соработка со сите заинтересираните страни а особено со специјализираните невладини организации кои редовно се занимаваат со потребата од зајакнување на правата на децата со пореченост и на лицата со инвалидност. Со таа цел кон крајот на 2017 година со Решение број 11-8154 од 20.12.2017 година беше формирана работна група за подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост, која во текот на месец април 2018 година со Решение број 11-2820 од 30.03.2018 година го зајакна својот состав со нови членови согласно предвидената проширена активност и во однос на лицата со инвалидност. После соодветно обавени состаноци на работната група, на крајот на месец декември 2017 година до Владата на Република Македонија беше доставен предлог на текст - Информација со Акциски план за проектот „Подобрување на здравствената заштита на децата со пречки во развојот”.

Работната група во текот на својата работи утврди дека спроведените и планирани активности за подобрување на здравствената заштита на децата со пореченост се нераскинливо поврзани со активностите кои се превземаат за подобрување на здравствената заштита на сите лица со инвалидност, поради што одлучи во фокусна група на интерес, во Акцискиот план покрај децата со попреченост да бидат вклучени и лицата со инвалидност. Согласно укажаната потреба во месец мај 2018 година беше извршено дополнување на содржината на акцискиот план со нов назив „Акциски план за подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и со лицата со инвалидност“.

Активностите на работната група продолжија согласно предвидените активности од нацрт текстот на Акцискиот план и без неговото формално одобрување од Владата на Република Македонија. Притоа, беше формирана работна подгрупа за изработка на стандардизиран прашалник за Јавните здравствени установи со кој треба да биде отсликана состојбата во однос на дадените здравствени услуги на децата со попреченост во вид на ситуациона анализа. На почетокот на месец јуни 2018 година беше подготвен првичниот Извештај за видот и обемот на услуги кои јавните здравствени установи ги спроведуваат при лекувањето на децата со попреченост и лицата со инвалидност кој ќе се користи како позитивна алатка за согледување на моменталната состојбата и конкретните активности за подобрување на состојбата и укажаните слабости во функционирањето на системот за укажување на здравствена заштита на овие категории на пациенти.

Покрај тоа во текот на месец април 2018 година е формирана и Работна подгрупа за изготвување на Извештај за потребниот кадар на дефектолози, логопеди и други стручни лица за потребите од работа со деца со попреченост и за лица со инвалидност во јавните здравствени установи за кој што исто така е проценето дека е од особена важност за превземање на понатамошните активности од Акцискиот план за подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и на лицата со инвалидност.
Покрај тоа, со формирањето на „Работна подгрупа за анализа и следење на активностите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во однос на подобрување и проширување на здравствените услуги достапни за деца со попреченост и лица со инвалидност“ е започнат процес на континуирана анализа и следење на активностите на Фондот во однос на подобрување и проширување на здравствените услуги за децата со попреченост и на лицата со инвалидност. Во Работната подгрупа се вклучени, како претставниците од Министерството за здравство соУправата за електронско здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, така и НВО „Дајте ни крилја“, НВО

„Полио плус“ и НВО „Ресурсен центар“, сите од Скопје процес за кој е побарана и подршка од претставништвото на „УНИЦЕФ“ во Република Македонија.

# АКЦИСКИ ПЛАН
## „Подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и на лицата со инвалидност”

| Ред Бр | Активност | Одговорни институции/одговорни тела/ сектори и соработници | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 1 | Подготвување на извештај за потребниот кадар на дефектолози, логопеди и други стручни лица за потребите од работа со деца со попреченост и за лица со инвалидност во јавните здравствени установи. | **Носител:**<br>Министерството за здравство - Управа за електронско здравство,<br><br>**во соработка со:**<br>- Министерството за труд и социјална политика<br>- претставиците од Невладините организации кои се членови на Работното тело за подготовка на овој Акциски план<br>- претставништвото на „УНИЦЕФ“ во Република Македонија | до 30.09.2018 |
| 2 | Тековен процес на ревидирање на општите акти на Фонд за здравствено осигурување на Македонија во однос на:<br>- Партиципација<br>- Продолжено болничко лекување-рехабилитација<br>- Ортопедски помагала<br>- Боледување и придружба на лице со попреченост<br>- Издавање на конзилијарни лекарски мислења и друго. | **Носител:**<br>- Фондот за здравствено осигурување на Македонија<br><br>**во соработка со:**<br>- Министерството за здравство<br>- претставниците од Невладините организации кои се членови на Работното тело за подготовка на овој Акциски план<br>- претставништвото на „УНИЦЕФ“ во Република Македонија | од 30.05.2018 во континуитет |
| 3 | Развивање на „**стандардна оперативна процедура за рана детекција и лекување на деца од болести со пореченост и нивна рехабилитациј**а“, со вклучување на сите заинтересирани страни во фази на рана детекција, дијаностицирање, лекување и рехабилитација. | **Носител:**<br>- Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за детски болести“<br><br>**во соработка со:**<br>- Јавните здравствени установи во кои се лекуваат деца со попреченост<br>- Министерство за здравство<br>- Министерство за труд и социјална политика<br>- претставништвото на „УНИЦЕФ“ во Република Македонија<br>- Македонското лекарско друштво<br>- Асоцијацијата на медицински сестри и акушерки | до 01.07.2019 |
| 4 | Можност за приоритетно користење на | **Носител:** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | здравствени услуги при поставување на дијагнози на деца и лица со попреченост. | - Министерството за здравство - Управа за електронско здравство<br><br>**во соработка со:**<br>- Фондот за здравствено осигурување на Македонија | од 31.12.2018 во континуитет |
| 5 | 1) Изготвување на предлог - план за понатамошно развивање на мрежа на Центри за рана детекција и интервенција кај децата со попреченост, на централна и/или регионална поставеност.<br><br>2) Можност за развивање на регионални центри во државата и/или Скопје, Штип, Тетово, Битола, Струмица. | **Носител:**<br>- Министерство за здравство<br><br>**во соработка со:**<br>- Клиничките и општи болници во Република Македонија со статус на јавни здравствени установи<br>- Јавна здравствена установа „Универзитетска клиника за детски болести“<br>- Македонско лекарско друштво<br>- Асоцијација на медицински сестри и акушерки | 1) до 31.12.2018<br><br>2) до 31.12.2019 |
| 6 | Подигање на стандардите за третман на децата со попреченост во:<br><br>- ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје, организациона единица „Мајчин дом“ Скопје.<br>- ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија “Св.Еразмо” Охрид, оддел за физикална медицина<br>- ЈЗУ „Институт за физикална медицина“<br>- ЈЗУ „Завод за слух, говор и глас“ во Скопје и Битола, како и центрите за рано откривање на пречките во развојот на децата при јавните здравствени установи. | **Носител:**<br>- Министерство за здравство | до 01.06.2019 |
| 7 | Воведување на хидротерапија за децата со попреченост и лицата со инвалидност (терапевтско пливање), преку искористување на базенот во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје, со обезбедување на соодветна обука и останати услови на физиотерапевти за ваков вид на терапија. | **Носител:**<br>- Министерство за здравство | до 01.03.2019 |
| 8 | Разгледување на можноста за имплементација на „Меѓународната класификација на функционалности“ на Светската здравствена организација (МКФ) во националниот систем за електронски евиденции во здравството „Мој термин“. | **Носител:**<br>- Министерство за здравство - Управа за електронско здравство<br><br>**во соработка со:**<br>- претставништвото на „УНИЦЕФ“ во Република Македонија<br>- Македонско лекарско друштво<br>- Асоцијација на медицински сестри и акушерки | до 31.12.2018 |
| 9 | Анализа од потребата за воведување на физикална терапија во домашни услови за најтешки видови на инвалидност. | **Носител:**<br>- Министерство за здравство<br><br>**во соработка со:**<br>- Јавни здравствени установи кои лекуваат деца со попреченост и лица со инвалидност | до 31.12.2018 |
| 10 | Разгледување на можноста од воведување на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | нова „Програма за унапредување на здравствената заштита на децата со попреченост“. | **Носител:**<br>- Министерство за здравство | до 31.12.2018 |
| 11 | Унапредување на досегашната соработка и остварување на нови соработки со здравствени установи надвор од земјата со цел за организирање на стручни средби, стручни обуки и други облици на едукација за унапредување на третманот на децата со попреченост и на лицата со инвалидност при обезбедување на нивната здравствена заштита. | **Носител:**<br>- Министерство за здравство<br><br>**во соработка со:**<br>- претставништвото на „УНИЦЕФ“ во Република Македонија | од јуни 2018<br>во континуитет |
| 12 | Воведување на Регистар на деца со попреченост и на лица со инвалидност, усогласен со „Меѓународната класификација на функционалности“ на Светската здравствена организација (МКФ). | **Носител:**<br>- Министерство за труд и социјална политика<br><br>**во соработка со:**<br>- Министерство за здравство и „Институт за јавно здравје на Република Македонија“<br>- претставништвото на „УНИЦЕФ“ во Република Македонија<br>- Македонско лекарско друштво<br>- Асоцијација на медицински сестри и акушерки | до јуни 2019 |
| 13 | Медиумска промоција за информирање на населението (видео спот, гостување, интервјуа). | **Носител:**<br>Министерство за здравство<br><br>**во соработка со:**<br>- претставништвото на „УНИЦЕФ“ во Република Македонија | од јуни 2018 во континуитет |